# СЕСТРИ АУТСАЈДЕРКИ ПРОГРАМА

## 26 НОЕМВРИ
ЧЕТВРТОК

**17:00**
**Отворање на форумот**
**и предавање на Ана Мишковска Кајевска**
**ВЛИЈАНИЕТО НА (ПОСТ) ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ВОЈНИ НА КОМУНИКАЦИЈАТА И ПРИЈАТЕЛСТВАТА ПОМЕЃУ БЕЛГРАДСКИТЕ И ЗАГРЕПСКИТЕ ФЕМИНИСТКИ ВО ДЕВЕДЕСЕТИТЕ ГОДИНИ НА 20. ВЕК**

Од крајот на седумдесетите години на 20. век, во трите најголеми политички и културни центри на Југославија (Белград, Загреб и Љубљана) се развива малобројно, но теоретски и практично многу активно, феминистичко движење. Овие феминистки претежно го набљудуваат општеството само низ родова призма, не водејќи притоа сметка за другите означители како, на пример, оние за сексуалност (лезбејка, бисексуалец...) или националност (Муслиманка, Словенец...). Военото насилство на територијата на Југославија длабински ќе влијае на односите помеѓу феминистките. И во Белград и во Загреб ќе се појават спротиставени ставови во однос на тоа дали чисто родовата призма е сѐ уште применлива кога се зборува за жртви и сторители на (сексуално) воено насилство или треба да се води сметка и за нивната националност. Покрај овој клучен камен на сопнување, ќе се појават и други несогласувања, дури и помеѓу феминистките што ќе одлучат да продолжат да комуницираат.

## 27 НОЕМВРИ
ПЕТОК

**12:00**
**Панел**
**ЛЕЗБЕЈКИ ВО ТРАНЗИЦИЈА-УЛОГАТА НА ЛЕЗБЕЈСКАТА БОРБА ОД СОЦИЈАЛИЗМОТ ДО ПОСТ-ТРАНЗИЦИСКИОТ КАПИТАЛИЗАМ И ИНТЕГРАЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ НА ЕУ**
Учеснички:
Татјана Гриф (Словенија), Ана Бракус (Хрватска), Лепа Млаѓеновиќ (Србија), Игбале Ругова (Косово), Јована Ананиевска (Македонија)
Модераторка: Уранија Пировска

Целта на панелот е да поттикне дискусија за историските разлики и линии на континуитет во лезбејскиот активизам во Регионот. Земајќи ги предвид почетоците на движењето во социјалистичка Југославија, неговите специфичности, политички програми и форми, како и неговата поврзаност со други супкултурни сцени и политички практики и простори, панелот ќе се обиде да ја стави го стави во компаративна перспектива со актуелните форми на активизам и преобразби кои се случуваат во таканаречениот транзициски период по распадот на поранешната држава.
Земајќи ја историската перспектива како водечка нишка, панелот има за цел да:
• повторно ги разгледа радикалните и утописки енергии на првите форми на лезбејски активизам во Југославија како извор за контекстуализација и преиспитување на нашите современи борби
• ги архивира трагите на минатите борби на нашите соборки и да ги нагласи нивните посебности во однос на лезбејското мејнстрим движење на Западот
• да ги разгледа успесите и ограничувањата на историските трансформации и линиите на развој на тековните борби
• да го разгледа влијанието на евроинтеграциските процеси врз лезбејскиот активизам, и придобивките и загубите од истото

**15:00**
**Работилница 1**
**КАМИНГ АУТ И ЛЕЗБЕЈСКИТЕ ВРСКИ**
**ДРАГАНА ГАРИЌ**
Добрдојдовте на искуствена работилница за нашите аутирања. На работилницата ќе говориме за искуствата со аутирање и што тоа значи за нашите животи и дали и колку ни е важно да се аутираме себеси и другите. Исто така, ќе разговараме за препреките при нашите аутирања и како аутирањето влијае на нашите односи со останатите, а како на нас самите. Кои се радостите, предизвиците и ризиците во однос на надворешниот свет? Како аутирањето влијае на односите со нашите партнерки? Дојдете заедно да ги одговориме овие прашања, да се поддржиме и зајакнеме едни со други, а исто така и да се смееме, радуваме и забавуваме заедно. Работилницата е наменета за сите оние кои имаат искуство со лезбејски врски или тежнеат кон истите. Работилницата ја фасилитира Драгана Гариќ - лезбејка, феминистка и активистка.

**Работилница 2**
**ИСКУСТВО РАБОТИЛНИЦА**
**МОЕТО СООЧУВАЊЕ СО НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ ЛЕПА МЛАЃЕНОВИЌ**

**16:30**
**Кафе пауза**

**17:00**
**Видео/Предавање**
**ТЕШКИ СЛИКИ – ПРЕДЛОЗИ ЗА РАБОТА СО ВИЗУЕЛНА МЕМОРИЈА ПРЕКУ НАСТРАНОСТ**
**АНА ХОФНЕР**
Сликите од трауматските настани ни влијаат многу. Како можеме да работиме со овие слики и да го претвориме товарот што го продуцираат во нешто продуктивно? Врз основа на мојата работа, ќе презентирам уметнички практики кои работат со визуелна меморија, војна и трансформација преку перформанс, видео и фотографија. Фокусот ќе биде на настраноста како својство на меморијата и можностите што ги отвора за поинакви релации на индивидуални биографии и историски настани.

**20:00**
**Промоција на Пристоен живот во издание на Темплум**
**РАЗГОВОР СО УРШКА СТЕРЛЕ И ДРАГОСЛАВА БАРЗУТ**




Книгата *Пристоен живот*, која е шеста по ред во едицијата Квир сквер на издавачката куќа Темплум, содржи 23 раскази од 15 авторки од земјите на поранешна Југославија, обединети околу лезбејската тематика. Стилски и поетички, раскастите прилично се разликуваат, но кај авторките, иако негуваат различен сензибилитет, заедничка е свеста за важноста на чинот на пишување раскази на темата: согледувањето на положбата на ЛГБТ популацијата е еден особено важен вид на општествена ангажираност на писателките и писателите. Токму затоа една ваква антологија, особено во средини како македонската, е важна, нужна, дури и неопходна!

Во *Пристоен живот* застапени се следните авторки: Јелена Ленголд, Ламија Бегагиќ, Шејла Шехабовиќ, Оља Савичевиќ Иванчевиќ, Драгослава Барзут, Уршка Стерле, Ива Хлаваќ, Наташа Сукиќ, Лејла Каламуиќ, Јасмина Тешановиќ, Сузана Тратник, Ирена Цветковиќ, Румена Бужаровска, Благица Секулоска, Николина Андова Шопова.

**21:00**
**Проекција на филм**
**РЕЛАЦИИ: 25 ГОДИНИ ОД ЛЕЗБЕЈСКАТА ГРУПА ШКУЦ-ЛЛ(2012)**
Режија: Марина Гржиниќ, Аина Шмид, Звонка Т. Симчиќ
Траење: 84 мин 2012
словенски, српски, хрватски, со англиски превод

Овој филм ги претставува различните видови на процеси на маргинализација и борбата за правата на лезбејската и ЛГБТ заедница во Словенија и пошироко во екс- Југословенските простори. Тоа е борба за видливост, но и сведоштво за неверојатната моќ на лезбејското движење, неговиот уметнички и културен потенцијал, критички дискурси и еманципаторски политики. Филмот се состои од интервјуа, презентација на документи, уметнички проекти, сцени од ноќниот живот, примери на политички претставувања и на критички дискурс. Тој зборува и за Европа, глобалниот светски капитализам и за статусот на лезбејките денес. Останатите теми што ги покрива се здружениjата, историјата, односите, феминизмот, геј, трансродовост и квир, AIDS и дицкриминација на хомосексуалноста. Искажува силна критика против дискриминацијата, расизмот и фашизмот во Европа денес.

**22:30**
**Joie de vivre! with KATA POPOVA @ NANO BAR**
Фина селекција на долги ноќни приказни за Сестрите Аутсајдерки



## 28 НОЕМВРИ
САБОТА

**12:00**
**Панел**
**КУЛТУРНИОТ АКТИВИЗАМ И УМЕТНОСТА КАКО ПЛАТФОРМА ЗА ЛЕЗБЕЈСКИТЕ ПОЛИТИКИ НА ОТПОР И КРИТИКА**
Учеснички:
Ана Хофнер (Австрија/Србија), Барбара Грегов (Хрватска), Зое Гудовиќ (Србија), Уршка Стерле (Словенија), Биљана Гинова (Македонија)
Модераторка: Драгослава Барзут

Овој панел ќе отвори простор за размислување за улогата на уметноста, медиумите и културната продукција како силни, релевантни и неопходни агенти во процесите за критичка, културна и социјална рефлексија на хетеронормативноста и лезбејската опресија. Ќе биде поставено прашањето за формите на уметничка, медиумска и културна продукција што можат да се развијат како платформи на кои ќе можат да бидат практикувани политичка трансформација и демократски и отворени форми на сексуално и родово одредено граѓанство. Ќе дискутираме и за различните позитивни практики и примери на испреплетување на уметностите, културата и активизмот со цел искажување критика на хетеронормативноста и патријархатот во земјите на поранешна Југославија. На панелот ќе се обидеме да ги испитаме ограничувањата и стратешкиот придонес на уметноста и културниот активизам за пошироката борба на лезбејките од една страна и недостатоците на популарните форми на политичка борба и застапување кои исклучуваат форми на уметничка и културна продукција, од друга.

**15:00**
**Дискусија**
**ТОЧКИ НА ПРЕСЕКУВАЊЕ**
**(ЛЕЗБЕЈСКИ МАНИФЕСТ ПРВА ФАЗА)**
Блерта Морина (Косово), Марија Вулетиќ (БиХ), Татјана Гриф (Словенија), Драгана Дрндаревска (Македонија), Ана Бракус (Хрватска), Драгослава Барзут (Србија)
Модераторка: Биљана Гинова

Точки на пресекување е фасилитирана дискусија на претставнички од регионот кои ќе ги пренесат локалните контексти, искуства и планови со цел да се креира платформа за заедничко делување - Лезбејски манифест. Манифестот ќе претставува заеднички документ кој ќе ги вклучува вредностите, принципите и полињата на заедничката борба за кои ќе се сложат учесничките на Форумот. Ќе претставува основа за политичко делување согласно принципите на солидарност, сестринство и борба против патријархатот, мизогинијата, хомофобијата, национализмот, класната нееднаквост. Манифестот воедно ќе биде појдовна точка за политичко делување, бидејќи политиката ни припаѓа нам, лезбејките, феминистките, работничките, сиромашните, Ромките, муслиманките, на сите нас!

Лезбејскиот манифест не е статичен документ. Ќе биде надополнуван и унапредуван на идните лезбејски и феминистички собири во регионот.

**16:30**
**Кафе пауза**

**17:00**
**Панел**
**ГРАДЕЊЕ НА АЛИЈАНСИ: ЛЕЗБЕЈСКИТЕ ДВИЖЕЊА, КРИТИКАТА НА НАЦИОНАЛИЗМОТ И КЛАСНАТА БОРБА**
Учеснички: Ана Мишковска Кајевска (Македонија), Ана Бракус (Хрватска), Вера Куртиќ (Србија)
Модераторка: Ирена Цветковиќ

Не постои борба со само една цел како што не постои човек кој во животот има само една цел. - вели лезбејката, црната поетеса и активистка Одри Лорд. Тргнувајќи од оваа премиса, панелот има за цел да ги оспори тесно ориентираните програми на политиките базирани на идентитет и да ја преиспита точката на преклопување и на несогласување на различните борби за еднаквост, лезбејски и квир заложби. Панелот отвора простор за дискусија за можностите за градење коалиции и здружениja надвор од границите на идентитетот, сепак земајќи ги предвид и не неутрализирајќи ги специфичните на различните форми на опресија и на истории на формации и борби за идентитет. Дополнително ќе биде дискутирано прашањето за тоа како национализмот во регионот, новите форми на капиталистичка експлоатација, растечките класни разлики и патријархалните структури интерферираат и произведуваат различни, а сепак поврзани форми на нееднаквост, но и за тоа како од различните искуства на исклученост може да произлезат нови форми на здружување за отпор и на политички субјекти. На крајот би сакале да ги преиспитаме можностите за надминување на постоечките тензии и дискриминација кои постојат помеѓу различните општествени ранливи групи - работници, етнички, национални и сексуални малцинства и за воспоставување мостови за дијалог и солидарност.

**20:00**
**РАБОТИЛНИЦА ЗА ТРАНСПАРЕНТИ**
**ДРАГАНА ГАРИЌ И АРУНДИ СУЛИС**
Драги сите, со радост ве каниме на работилницата за изработка на политички пароли по повод ноќниот марш против насилството врз жените. Сите заедно, на креативен начин ќе промислуваме и изработуваме пароли. Претходно искуство во ваква изработка не е неопходно. Ве каниме да размислите зошто ви е важно да учествувате во овој марш - ние направивме листа од само неколку реченици, а вие чувствувајте се слободни да ја дополните. Ќе работиме со акрилни бои, спрееви и четки. Основните материјали за работа - картони, бои, четки, спрееви, лепак, скалпели, ќе бидат обезбедени од организаторките на маршот. Доколку имате желба да работите во некоја друга техника (колаж, шиење, маркери и сл.) слободно донесете си материјали.

Низ креативната изработка на транспаренти ќе ве водат Драгана Гариќ - лезбејка, феминистка и активистка и Арунди Сулис - лезбејска феминистка, а веднаш по работилницата излегуваме на улица да маршираме!

**22:00**
**ЈА ИМАМЕ МОЌТА, ЈА ВРАЌАМЕ НОЌТА! ЖЕНСКИ МАРШ ПРОТИВ СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ**
Маршираме затоа што:
Секоја од нас има преживеано некаков облик на машко насилство во текот на својот живот! Одбиваме да молчиме за машкото насилство врз жените! Не сакаме вината да се препише на жените, насилникот е одговорен за насилството и вината е исклучиво негова! Нема оправдување за насилството! Насилството над жените не е приватна работа, туку политички и општествен проблем. Со протест се започнува во давањето поддршка и создавање на промена! Слободата на движење треба секогаш да е загарантирана, и ноќе кога сме сами на улица! Повеќекратно дискриминираните жени ромките, лезбејките и жените со инвалидитет се често изложени на насилство. Женската солидарност е нашата сила!

Да се потсетиме дека како жени имаме сила и дека заедно сме уште посилни! Да се присетиме на преживеаните наши сестри како и на оние кои не се веќе помеѓу нас! Сакаме да ја искажеме нашата желба и потреба да живееме без закани и страв од насилство!

Координативен тим на регионалниот форум Сестри аутсајдерки:
Биљана Гинова, Славчо Димитров, Јана Коцевска, Ана Василева, Фране Јовановски.

## 29 НОЕМВРИ
НЕДЕЛА

**10:00**
**РАБОТЕН СОСТАНОК ОД ЗАТВОРЕН КАРАКТЕР**
Модераторка: Биљана Гинова

**12:00**
**ПОДГОТОВКА НА ЛЕЗБЕЈСКИ МАНИФЕСТ, ФАЗА 2**
Модераторки: Биљана Гинова и Драгана Дрндаревска

## За форумот

**Регионалниот лезбејски форум** овозможува платформа за поврзување на искуствата и практиките од регионот кои повикувајќи се на минатото и во соглсност со моменталниот општешствен и политички контекст ќе придонесат за градењето на заеднички вредности за делување како и за градењето на стратегии и планови на делување на национално, но и на регионално ниво (Македонија, Србија, Косово, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија). Форумот ќе се реализира во 4 дена и ќе се базира на три столбови кои се испреплетени низ агендата:
• ***контекстуализација*** која вклучува три панели, почнувајќи од историските разлики и линиите на континуитет во лезбејскиот активизам во регионот, преку културниот активизам и уметноста како платформа за лезбејски политики на отпор и критика до последниот панел кој е насочен на градењето на алијанси помеѓу лезбејските движења, критиката на национализмот и класната борба
• ***работиме заедно*** да поставиме заеднички вредности на делување како основ на ***Лезбејскиот манифест***, а земајќи ги предвид споделените контексти, идеи и визии
• ***безбедно место*** за работилници и споделување на искуства кои ќе го отворат прашањето на каминг аут и лезбејските врски и прашањето за насилството врз жените.
Форумот исто така ќе направи простор за лезбејската култура и уметност преку вклучување на перформансот *Тешки слики – Предлози за работа со визуелна меморија преку настраност*, промоција на збирката *Пристоен живот* која содржи 23 лезбејски раскази и проекција на филмот *Односи: 25 години од лезбејската група Шкуц-ЛЛ.*
Во соработка со други женски и феминистички организации, Форумот исто така вклучува и женски марш против сексуалното насилство врз жените ***Ја имаме моќта, ја враќаме ноќта!*** на што ќе претходи работилница за подготвување на слогани и транспаренти за Маршот. Форумот исто така вклучува и читање на поезија и забава.